1813
a

**PRES-SERVIS**

NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA
NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION
OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank

SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје
19. IX. 1966



Димитар Тодоровски: „ОРО“



Шиме Клаиќ: „МАЈЧИНА ПРЕГРАТКА“

## Заврши Четвртиот вајарски симпозиум во Прилеп

# Во редот на врвните културни манифестации

### ПРВАТА НАГРАДА НЕ Е ДОДЕЛЕНА. ВТОРАТА И ТРЕТАТА ЈА ДОБИВААТ РУДОЛФ МАТИТУНОВИЌ И МИЛАН ЛУКИЌ

Деновиве во Прилеп заврши Четвртиот вајарски симпозиум на кој учествуваа југословенските вајари Рудолф Матутиновиќ, Круно Бошњак, Лука Илиќ сите од Загреб и Милан Лукиќ од Белград. Вон конкуренција учествуваше американскиот вајар Братфорд Грејвис.

Комисијата за награда на најдобрите остварувања во текот на симпозиумот на крајот ги соопшти своите предлози за награди. Првата награда не ја додели, а втората во износ од 300.000 динари му е доделена на Рудолф Матитуновиќ „Непокорени“, а третата во износ од 200.000 за скулптурата „Мајка на загинатите“ ја доби белградскиот вајар Милан Лукиќ. Годинава наградите ги доделува Сојузот на здруженијата на боречките организации на Македонија, а симпозиумот се одржуваше на тема 25-годишнината на Народната Револуција.

Како што е вообичаено, сите изработени скулптури од Четвртиот симпозиум, како и од досегашните три, ќе бидат изложени на отворен простор по прилепските паркови. И со тој чин, како и со квалитетот на последниот и трите претходни симпозиуми, се смета дека оваа манифестација се наредува во низата врвни културни настани во нашата Република. Посебен прилог оваа манифестација има во естетското обликување на Прилеп како архитектонско обликуван град, додека скулптурите на слободен простор значат и афирмација на вајарството.

Во малиов илустриран прилог кон веста за Четвртиот симпозиум донесуваме неколку фотографии на дела од досегашните три симпозиуми.

1 Димче Тодоровски (Скопје) „Оро“ (Симпозиум 1963 г.)

2. Шиме Клаиќ (Загреб) — „Мајчина прегратка“ (симпозиум 1965)

3. Шошана Хајман (Тел Авив, Израел): „Две фигури“ (Симпозиум 1965 г.)

4. Мирко Брачун, (Загреб): „Детска игра“ (Симпозиум 1963 г.)



Шошана Хајман (Израел) „ДВЕ ФИГУРИ“



Мирко Брацун: „ДЕТСКА ИГРА“